

## Прирачник

# РАЗВОЈ НА КУЛТУРА НА МИР И ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО КАКО ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Маја Христовска
Весна Трајковска-Стерјов

Аналитика тинк тенк

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.....3

НАСИЛСТВОТО КАКО ПОЈАВА ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ И МЛАДИТЕ.....4

МЕТОДОЛОГИЈА.....6

АНАЛИЗА НА СПРОВЕДЕНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК.....8

РАЗЛИЧНИ КЛАСИФИКАЦИИ НА НАСИЛСТВО.....18

УЛОГАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРЕВЕНЦИЈА И СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВО.....20

ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ И ПРЕПОРАКИ.....22

Овој документ е изработен во рамки на проект финансиран од Амбасадата на Канада за Србија, Црна Гора и Северна Македонија. Содржината на овој документ е одговорност на Аналитика тинк тенк и не ги одразува ставовите на Амбасадата на Канада за Србија, Црна Гора и Северна Македонија

# ВОВЕД

Насилството е повеќе димензионална појава, тоа значи дека е потребно да биде гледано во широк социјален контекст, а не како изолиран феномен.

Насилството е сериозен проблем во училиштата, но воедно претставува и сериозен општествен проблем. Со своето разорно дејство и последици,од морален, физички и материјален поглед, тоа претставува голема општествена опасност.

Сето ова би значело дека и работењето на полето на градење на мирот и ненасилно однесување, е повеќе насочен и повеќедимензионален процес кој бара спроведување на организациски промени во училиштата и општеството, преку спроведување активности со кои младите ќе се сензибилизират и активираат да заземат активна улога во ненасилна трансформација и превенција на конфликти, како во нивните училишта така и во околината каде што живеат и се движат.

Најчесто насилното однесување е детерминирано од ирационални фактори. Во позадината на насилното однесување кај учениците често стојат етничките, родовите, половите и социјалните стереотипи и предрасуди. Веројатноста од манифестирање на насилство кај поединците и групите е толку поверојатна колку што се поизразени негативните стереотипи и предрасуди.

Резултатите од бројни истражувањето покажуваат дека во интерес на превенција од насилното однесување и градење на култура на мир, неопходно е дизајнирање на програми и проекти за соочување на учениците, прифаќање на различностите и надминување на стереотипите.

Исто така сведочиме дека родовата нееднаквост и распространетоста на насилството врз жените и девојчињата во нашето општеството го влошуваат проблемот. Многу често силен е притисокот врз голем дел од учениците за прифаќање на доминантните родови норми и сфаќања. Младите, најчесто девојките кои не можат или кои не сакаат да ги прифатат овие норми, честопати се казнувани со насилство и малтретирање во училиштето.

Образовниот систем, односно училиштата, претставуваат исклучително важен дел во процесот на препознавање и пријавување на случаите на насилство. Училиштата се институции чија основна дејност е воспитување и образование, каде освен наставен кадар има и стручни соработници со професионални компетенции, капацитети и механизами (На пример : преку нивна вклученост во тимовите за заштита на децата од насилство) можат да извршат рано откривање на насилство врз децата, да ги препознаат ризиците од насилство, се со цел спречување на различните видови на насилство.

# НАСИЛСТВОТО КАКО ПОЈАВА ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ И МЛАДИТЕ



https://bpinfo.rs/u-os-desanka-maksimovic-u-backoj-palanci-rasulo-direktorka-sve-gura-pod-tepih

Во училиштата и надвор од нив, учениците може да бидат изложени на најразлични облици и видови на врсничко насилство, но и на насилство од страна на возрасните. Колку е сериозна појавата на насилство кај децата и младите кажува фактот дека насилството остава последици и на децата кои се жртви на насилство, но и на оние кои вршат насилство, како и на оние деца кои присуствувале на настани на кои има насилство. Практично, последиците ги чувствуваат сите.

Покрај почетната причина и бројот на учесници, насилство може да се разликува и според обликот кое го поприма или просторот во кое се јавува (на пр. физичко, вербално, односно насилство или алтернативна агресија насочена кон нанесување штета врз нечии врски или општествен статус, сексуално, сајбер насилство итн), но и поради основата врз која се случува како на пример социоекономскиот статус, изгледот, потеклото, расата, етничката припадност, сексуалната ориентација, полот, родовиот идентитет и изразување итн. Возраста, исто така влијае врз интензитетот на меѓуврсничкото насилство, односно истражувањата покажуваат дека неговата зачестеност и застапеност опаѓа со возраста на децата.



## Светската здравствена организација, го дефинира насилството како:

> „Намерно користење на физичка сила или моќ против себе или некое друго лице, или против некоја група кое води, или може да доведе до повреда, смрт, психолошка повреда.“

Училишното насилство најчесто се дефинира како појава на насилно однесување што се јавува на училиште. Иако насилството може да се појави на различни места и во различни околности, тоа е најчесто карактеристично за училишната зграда и двор, но и на пат од училиште, како и на пат до училиште. Училишното насилството најчесто се случува во тоалетите, ходниците, спортски сали и други простори, кои се надвор од надзорот на наставниците. Но не е ретко истото да се случува и во училницата во присуство на другите деца кои за жал ретко прават напори да го прекинат истото, или пак доаѓаат на помош на жртвата.

Пасивните набљудувачи на врсничкото насилство честопати не се ни свесни дека со своето однесување ги поддржуваат извршителите на насилство како и нивните помагачи , на кои им е потребна публика за насилство, бидејќи истите веруваат дека без публика нема добар настап. Од друга страна, присуството на публиката го зголемува страдањето на жртвите. Со својата неактивност, тие го поддржуваат насилното однесување и го продлабочуваат страдањето на жртвите. Улогата на набљудувачите на насилство е многу важно прашање за кое не се зборува доволно. Алберт Ајнштајн, исто така одамна предупредил дека **„овој свет е опасно место за живеење, не поради оние луѓе кои чинат лошо, туку поради оние** коишто не превземаат ништо во врска со тоа“.

Набудувачите се најбројната група деца кои го набљудуваат насилството од безбедна физичка или дигитална дистанца и го третираат рамнодушно, и притоа не заземаат никаква позиција. Тие се неутрални гледачи, емотивно одвоени од она што се случува, настапуваат од позицијата **„не е моја работа“** или **„не е мој проблем“**.



https://www.slobdnaevropa.org/a/crna-gora-nasilje-djeca/29691455.html

Тие би можеле многу да им помогнат на жртвите во ситуации на насилство во училиштето, со тоа што ќе ги повикаат наставниците за помош или доколку би се обиделе да ги спречат сторителите. Исто така тие би можеле да одиграат особено важна улога во електронското насилство со пишување дека некои злонамерни коментари се невистинити, фотографиите се лажни и секако да го пријавуват насилство. Но за жал голем е бројот на ученици кои најчесто воопшто не се вклучуваат, туку само смирено го набљудуваат насилството што се случува во нивното опкружување.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Проектот "Развој на култура на мир и превенција на насилство, како основни вредности во образовниот систем во Република Северна Македонија" беше спроведен од страна на здружението за истражување на политики Аналитика тинк тенк во периодот од Септември 2021 до Февруари 2022 година. Истиот беше финансиски поддржан од **Канадскиот фонд за локални иницијативи** од **Амбасадата на Канада за Република Северна Македонија**, Република Србија и Црна Гора.

Главната цел на проектот е креирање на култура на мир и почитување, зајакнување на демократските вредности како основни вредности во образовниот систем во Република Северна Македонија. Преку едукација и воспоставување пријателски односи помеѓу учениците од различна етничка, религиска , родова и социјална припадност, да се обезбеди унапредување на човековите права, демократијата и ненасилна култура, како клучни елементи во процесот на демократизација на нашето општество. Градење на транспарентна и посилна соработка кај младите во рамките на училиштето и заедницата, помеѓу наставниот кадар и учениците, како и помеѓу сите релевантни чинители во образовниот систем.

Во рамките на проектот "Развој на култура на мир и превенција на насилство, како основни вредности во образовниот систем во Република Северна Македонија" е спроведено анонимно и доброволно истражување во три средни училишта на територијата на Град Скопје, и тоа во СУГС "Здравко Цветковски", СУГС "Зефљуш Марку "и СУГС" Шаип Јусуф".

Инструментот кој беше применет за истражувањето е анкетен прашалник со 25 прашање, дизајнирани од проектниот тим како дел од првата предвидена активност. Најголем дел од прашањата во прашалникот се од затворен тип т.е. на ученикот му се дава можност да одбере еден или повеќе одговори од понудените опции, но во истовреме има и слобода да додаде свој одговор и истиот да го образложи. Анкетирањето беше спроведено во период од месец Септември, на репрезентативен примерок од 305 испитаници.

Целта на ова истражување беше да се истражат и утврдат видовите на насилство на кои се изложени учениците во средните училишта и нивната фреквенција, како и перцепцијата за формите на насилно однесување од училишни врсници во однос на полот. Понатака да се идентификува улогата на наставниците во превенцијата и делувањето во случај на насилно однесување во училиштата, но и на останатите чинители во образовниот систем како што се психолошко-педагошката служба, надлежните институции и родителите.



## хипотези

- Се претпоставува дека учениците немаат доволно знаење за да ги препознаат облиците на насилство. Понатака се претпоставува дека момчињата се почесто жртви или учесници во физичко насилство, додека девојчињата се почесто жртви на психичко и родово базирано насилство.
- Се претпоставува дека значителен е бројот на деца, кои како резултат на насилство што се случува во училиштата, како последица имаат нарушување во психо-социјалниот развојот на личноста. Најчестите форми на овие нарушувања се психолошка, емоционална, економска, социјална и сексуална природа.
- Се претпоставува дека постои потреба од примена на нови методи на работа, како и заеднички ангажман на сите чинители во образовниот процес, кои ќе придонесат во спречувањето на појавата на насилство во училиштата, како една од најчестите и најголеми причини за девијантно однесување

# АНАЛИЗА НА СПРОВЕДЕНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Анкетниот прашалник беше спроведен на примерок од 305 ученици во 3 средни училишта на територија на Град Скопје. Врз основ на одговорите од првите две прашања , може да се забележи дека одзивот на момчињата и девојчињата е безмалку идентичен, што може да се протокува како показател дека момчињата и девојчињата се еднакво заитересирани за очигледниот проблем со насилството, кое е присутно во нивните средини каде тие се образуваат. Изборот на училиштата во кои е спроведено анкетирањето е исто така адекватен, односно станува збор за училишта со мешан етнички состав, кеде се сретнуваат деца од повеќе различни етнички заедници кои покрај тоа што се образуваат заедно, со нивното учеството во анкетниот прачалник покажуваат желба за разрешување на проблемот кој ги засега сите, а тоа е справување со насилството.

*1. Дали во Вашето училиште учат ученици од различна етничка припадност?*



### 2. На кој род припаѓате Вие?




### 3. Дали во Вашето училиште се случува насилство?




### 4. Какви видови на насилство препознавате во Вашето училиште?




Прикажаните два графикона (бр.3 и бр.4) даваат една поразителна слика за тоа колку и во каков облик се јавува насилството. Дури 62,7 % од испитаници потврдуваат дека насилството е често или постојано присутно во училишната средина, 21% сметаат дека насилството се случува ретко, додека 16,4% сметаат дека нема насилство во нивните училишта. Учениците го иденитифицкуваат насилството во повеќе облици. Најголем број од нив го препознаваат физичкото насилство кое во голема мера е највидливо, понатака според учениците во висок процент е присутно психичкото и електронското насилство, додека социјалното и родово базираното се помалку видливи и прикриени форми на насилство. Но ова не ни дава прецизна информација во идентификување на родово базираното насилство бидејќи родовото базираното насилство може да биде психолошко, физичко и/или сексуално и се однесува на наметнувањето или истакнувањето на нееднаквата моќ меѓу половите. Истото се применува со цел активно да се истакнат родовите нееднаквости, стереотипите и социјално наметнатите улоги, што покажува дека е потребна дополнителна и специфична анализа со посебен фокус на ова прашање.

### 5. Според Вас, кои се најчести причини за појава на насилство помеѓу учениците во Вашето училиште?




### 6. Дали комуницирате / другарувате со ученици од други етнички групи?




### 7. Дали сметате дека Ви е потребна доедукација за препознавање на различните форми на насилство?




Од графиконот бр.6 се гледа голема поделеност во комуникацијата помеѓу учениците во етнички мешаните учулишта. Може да се види дека при воспоставување на комуникацијата помеѓу учениците од различните етнички групи се уште влијае припадноста во етникумот. Низа други истражувања прецизно насочени на овој проблем посочуваат дека непознавањето на различностите, вкоренетите стереотипи и предрасуди се причина за ваквата појава и дека за надминување на истата потребни се поопсежни напори во работата со децата , како од страна на наставниот кадар, така и од родителите и другите општествени чинители.

И од тука, поточно од графиконот бр.5 може да видиме дека етничката припадност како и родовата припадност и сексуална орјентација се многу честа причина за појава на насилство, после недоличното однесување на учениците. Што всушност подразбираат учениците под недолично однесување дискутирано беше на семинарот со професорите како и со учениците за време на работилниците.

Накратко недоличното однесување на учениците во пракса опфаќа најразлични сегменти од физичко, психичко, социјално и родово базирано насилно однесување, изразено кон друг ученик или група на ученици со цел да се покаже доминантност врз другите. Во пракса, недоличното однесување на учениците, училиштата се обидуваат да го превенираат со поставување на кодекс на однесување и со изрекување на педагошки мерки. Одговорите на ова прашање јасно ја укажуваат потребата од доедукација на учениците за препознавање на формите за насилство, но и за давање на јасни насоки околу начините на пријавување на насиството во училиштата. Како што веќе спомнавме во погоре наведениот текст, голем е бројот на ученици кои се сведоци на насилно однесување во нивните училишта, но истото не го пријавуваат од бројни причини, меѓу кои незнаењето на кого да пријават или како да пријават а да останат анономи пријавувачи.

Во низа истражувања учениците посочуваат дека многу често препознаваат насилство околу нив, но не пријавуваат бидејќи се плашат од тоа дека ќе станат следна жртва на насилство и дека ќе биде загрозена нивната безбедност.

### 8. Дали сметате дека наставниците посветуваат доволно време за едукација на учениците во насока на превенција и справување со насилство




### 9. Дали педагошко - психолошката служба (стручна служба) спроведува соодветни работилници и советувања за учениците кои предизвикуваат насилство во училиштето?




Училишната клима, поставеноста и посветеноста на наставниот кадар и психолошко-педагошката служба, како и училишните политики за превенција и заштита од насилство, влијаат на тоа како учениците го перципираат насилството, нивното однесување, нивото на манифестирање агресија, како и нивното чувство за припадност и безбедност во училиштето.

Оттука, справувањето и спречувањето на насилство не може да биде ефективно доколку не се вклучени овие клучни чинители но и пошироката училишна заедница. Училишните психолози и педагози треба да играат клучна улога во процесот на подобрување на училишната клим, според теоретските постулати, стручните служби, врз основа на својата стручност и компетентност, како и нивната улога во училиштето и училишната средина, се најповикани да преземат „лидерска улога" во спречувањето и сузбивањето на сите форми насилство помеѓу учениците.

### 22. Дали наставниците посветуваат доволно време за разговор со учениците со непримерно поведение?




Од добиените одговори можеме да видиме дека вклученоста на наставниот кадар во едукација на учениците во насока на развивање на вештини за справување со насилството во училиштата е доста висока и тоа го потврдуваат 82,3 % од испитаниците, додека 14,8 % сметаат дека не се вклучени доволно а 2,9 % сметаат дека воопштно не се вклучени.

### 10. Дали наставниот кадар и струшна служба вршат контрола и нудат помош за справување со случаите на насилство?




Идентични резултати добивме и по основ на прашањето бр.10. Целта на истото беше да се потенцира важноста на пријавувањето на насилството од страна на учениците како и видливоста на истото. Забележливо е дека доколку насилството е видливо или пријавено, наставниот кадар се вклучува во решавање на истото, што има исклучителна важност во креирањето на пријатна и безбедна атмосфера.

Исто така, може да забележиме како и во претхониот заклучок дека одредени форми на насилство се поексплицитни и видливи, додека пак други се прикриени и се потребни поголеми напори за нивно идентификување . Одговорот дека најчесто се реагира од службите во училиштето на оние форми на насилство кои се видливи, дополнително посочува на потребата од дополнителна едукација на чинителите во училиштето за идентификување и справување со прикриените видови на насилство.

### *11. Дали во училиштето има пропишано кодекс за постапување при насилство, и дали по истиот се приstapува од страна на учениците и наставниците?*




Речиси во сите училишта постои кодекс на однесување како и кодекс за постапување при насилство. Но сепак истиот не е препознаен или не е презентиран на учениците на начин на кој би требало. Па затоа најчести одговори се дека има кодекс и истот  не се почитува или воопшто учениците немаат информација за постоење на истот.

Во следното прашање доминира одговорот дека најчесто насилството е прекинато од страна на наставниците во училиштето, што повторно посочува на големата улога на наставниот кадар во креирањето на безбедна училишна средина. 15, 1 % од испитаниците посочуваат дека насилството го прекинуваат други ученици кои не се директни

### *13. Кој од наведените чинители во училиштето, најчесто го прекинува насилството?*




учесници во насилниот чин а 14, 4% училишното обезбедување.

Превенцијата на насилството во училиштата претставува збир на мерки и активности кои имаат за цел создавање безбедно, сигурно и заштитено опкружување, развивање и негување на атмосфера на соработка, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на одредени правила на однесување во рамките на воспитно-образовните активности, развивање на вештини за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство.

## Во пракса училиштата практикуваат три ниво на решавање на насилство

1. Ситуации на прво ниво, кои се случуваат меѓу децата/учениците, и истите ги решава самостојно наставникот/одделенскиот раководител;
2. На второ ниво наставник/одделенски раководител во соработка со Тимот за заштита на децата од насилство;
3. На третото ниво покрај Тимот, вклучување и на другите институции/служби за заштита на децата од насилство.

### 16. Дали мислите дека девојчињата се почести жртви на родово-базирано насилство во училиштето




### 17. Колку девојчињата се вклучени во активности кои имаат за цел на ненасилно однесување?




Високите 83,6 % покажуваат дека девојчињата се почестите жртви на родово базираното насилство во училиштата. Родово базираното насилство како и родовата рамноправност се уште претставуваат една од најгорливите теми во нашата заедница, па и во училиштата. Концептот за родова еднаквост во Република Северна Македонија се уште е поле на кое треба да се работи. Имено, жените и девојките се уште се соочуваат со нееднаквости во однос на можностите за образование, вработување, добивање плата, права во бракот, дистрибуција на ресурси, права и моќ. Родовите улоги во нашето општество се уште во голема мера ги следат традиционалните облици и вредности, кои за жал не негуваат родова еднаквост, туку напротив се полни со дискриминација и стереотипизирање на улогата на жената. Негувањето на оваа култура ги поставува девојките во подредена и потчинета

положба во заедницата. Како резултат на тоа, жените и младите девојки многу често се изложени на насилство, но и премолчување на истото што од друга страна ги охрабрува насилниците да продолжат со својата култура на однесување, а жртвите на насилство се здобиваат со трауми и последици во психичкото и физичкото здравје, но и со кризи во сопствениот идентитет. Културата на доминација на мажите во нашето општество е клучен објаснувач за високата стапка на родово базираното насилство кое се врши врз жените и младите девојки. Исто така, култура на самоувереност на мажите и момчињата, ефектите од озборувања во училиштето но и култура на барање вина и виновник во жените жртви на родово базираното насилство, ги обесхрабрува за јавно говорење на оваа тема, барање помош , поддршка и заштита.

**24. Дали во вашето училиште се работи за родово базирано насилство?**




**18. Дали сте биле учесник во некаков вид на насилство, извршено врз друг ученик?**




**19. Дали сте биле жртва на некаков вид на насилство?**




Кога зборуваме за нашето општество, можеме и да додадеме дека родово базираното насилство се третира како табу-тема, отсуствува едукација, ниска здравствена култура како и помош и поддршка на младите девојки. Исто така, постои многу низок степен на формална реакција на жртвите на родово базирано насилство, иако истото е застапено во училиштата но и надвор од нив.

Од одговорите на овие две прашања можеме да видиме дека високи 67,5% од анкетираните ученици биле жртва на некаков вид на насилство, но и високи 62,3% од истите биле/учествувале во спроведување на насилство врз други ученици. Ова уште еднаш ја потврдува хипотезата на "кругот" жртва/насилник. И на жртвата и на насилникот им е потребна помош и поддршка од страна на стручни лица, бидејќи сите практики покажуваат дека многу лесно може да се случи жртва од еден вид на насилство во некоја наредна ситуација или прилика да премине во улога на насилник.

***20. Дали родителите доволно се вклучени во решавање на насилното однесување на учениците?***




***21. Колку родителите соработуваат со педагошко - психолошката служба во решавање на насилното однесување на учениците***




Од одговорите добиени на прашањата број 20 и 21 можеме да забележиме дека учениците посочуваат на ниска соработка и вклученост помеѓу родителите , наставниците и стручните служби во училиштата. За време на семинарот реализиран како втората активност во рамките на овој проект, токму и беше дискутирано со присутните наставници по ова прашање. Наставниците посочуваат исто така дека вклученоста на родителите е мала и недоволна иако истите се уредно и навремено информирани за сите случувања во училиштето. Исто така новите политики во образовниот систем налагаат навремено и електронско информирање на родителите за секој ученик преку вклученост на родителите во електронскиот дневник.
Наставниците посочија дека родителите се најмногу заинтересирани за успехот на нивните деца, а многу помалку за училишната клима и вонучилишните активности кои имаат за цел да ја поттикнат креативноста на учениците, да развијат вештини кај нив, и да создадат безбедна и здрава околина.

***25. Дали мислите дека Град Скопје и другите надлежни институции се доволно вклучени во процесот на решавање и превенција од насилство во училиштата?***



За да се спречи насилното однесување на учениците, особено е важна континуираната и здрава соработка помеѓу родителите и училиштата. Ова треба да оди во насока на заемно информирање за сите нетипични однесувања кои ќе се детектираат кај ученикот, без разлика дали станува збор за насилство или за некој друг проблем. Градењето на здрави личности започнува од дома, а продолжува на училиште. Затоа, функционалноста на овие фактори е и поединечна но и во спрега, и е од големо значење за превенција и анулирање на појавите на насилство.



# РАЗЛИЧНИ КЛАСИФИКАЦИИ НА НАСИЛСТВО

**Физичкото насилство,** подразбира примена на физичка сила над друго дете, односно жртва, која најчесто се манифестира со удирање, шамарање, шутирање, кубење на коса, буткање, притискање, давење, нанесување на исекотини. Физичкото насилство подразбира намера да се повреди друго лице.

Физичкото насилство има за цел да се воспостави контрола над друго лице, истото да се казни или да му се нанесе физичка повреда или болка. Физичкото насилство може да има фатален или нефатален исход а се однесува на

- Секое физичко казнување и сите облици на малтретирање, сурово, нечовечки или понижувачко постапување или казнување.
- Физичко малтретирање од возрасно лице и други лица.
- Лицата со попреченост во развој може да бидат предмет на физичко насилсто, особено девојчињата
- Физичкото насилство остава сериозни последици врз менталното и физичкото здравје.



http://www.schoolbasedhealthcare.org/key-issues/school-violence

**Емоционално/психолошко насилство,** тоа е една од многу суптилни форми на насилство врз децата, индиректно присутна во речиси сите други форми на насилство. Воедно психичкото насилство е најраспространет вид на насилство и подразбира кога некој навредува, исмејува, критикува, окривува, заканува, понижува, омаловажува. Психичкото насилство претставува такво однесување кое доведува до моментално или трајно загрозување на достоинството на детето.

**Психолошкото насилство**, како што е наведено во Конвенцијата за правата на децата, често се опишува како психичко малтретирање, вербална злоупотерба и емоционално злоупотребување.

**Социјално насилство** е однесување во кое детето се исклучува од групата на врсници, како и од различните облици на социјални активности.

Облиците на социјално насилство во училиштата, односно однесувањето и злоставувањето се делат на три нивоа:

- Прво ниво на социјално насилство може да биде дофрлање, исмејување, исклучување од група или заеднички активности,фаворизирање на различности и озборување.
- Второ ниво може да биде игнорирање, неуклучување, неприфаќање, манипулирање и искористување.
- Третото ниво може да биде заканување, изолирање, група на деца малтретираат поединци или друга група,организирање на затворени групи кој имаат за цел повредување на други деца.

Значи социјалното насилство во училиштата се случува меѓу врсниците, кога некој ќе се исклучи од групни активности, озборува, кога се кажуваат лаги за некое дете или се наговараат други деца на не се дружат со одредено дете.

Жртви на социјалното насилство се деца кои се изолирани од друштвото, игнорирани од страна на другите, изложени на озборување и дискриминација.

**Врсничко насилство (булинг)** Врсничко наислтво е збир на намерни непосакувани акции и дејствија, поттикнување на непријателска околина со цел да се повреди или создаде непријатност кај некое лице. Врсничкото насилство може да е пропратено со елементи на физичкото, психолошко, сајбер, емоционално и други форми на насилство.

Врсничко насилство е насилство во кое ученикот трајно и често е изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици, кои намерно сакаат да го повредат, понижат или да го изложат на потсмев.

**Електронско насилство**, вклучува било каков облик на пишување и испраќање на пораки преку интернет или мобилен телефон. Пораките имаат за цел да повредат, вознемират или било каква друга штета да му нанесат на детето кое не може да се заштити од таквата постапка. Се појавуваат и во облици на текстуални и ведео пораки, фотографии или телефонски повици.

Постојат две врсти на насилство преку интернет дитектен напад и преку посредник.

Директен напад се случува кога ученикот:

- Праќа вознемирувачки пораки преку мобилен телефон, е - маил или на чет
- Ја краде или менува лозинката на е - маил или надимакот на чет на друг ученик
- Објавува приватни пораки или невистини за друг ученик
- Праќа вознемирувачки слики преку е- маил, ММС и мобилен телефон
- Праќа вируси на е - маил или мобилен телефон
- Праќа порнографија или непосакувани пораки преку е - маил , социјални мрежи или мобилен телефон
- Лажно се претставува како друго лице.

Напад преку посредник е најопасна врста на насилство преку интернет бидејќи често се вклучени возрасни луѓе со лоши намери.

# УЛОГАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРЕВЕНЦИЈА И СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВО

Училиштето, кое во пракса претставува место каде што децата организирани заедно поминуваат поголемиот дел од времето во текот на денот, потрбно е да ја преземе примарната улога во превенција и заштита на децата од насилство. (2)

Училиштата може да постигнат најдобри резултати ако истите креираат и негуваат атмосфера на почит, разбирање и толеранција. Само во училиште каде што владее пријатна атмосфера, и сите актери се заштитени почитувани, а настанатите проблеми се решаваат преку примена на ненасилни методи, може да обезбедат соодветна средина за имплементирање на воспитно образовниот процес еднакво достапен за сите деца.

## Улогата на наставникот

Наставникот и ученикот долго време во денот поминуваат заедно па затоа наставникот може да даде соодветна констатација за однесувањето на ученикот во училиштето. Покрај образовната компонента, наставникот има голем удел во градењето и воспитувањето на личноста на ученикот. Тоа подразбира поттикнување позитивно однесување и сузбивање на негативното однесување кај ученикот. За да наставникот го детектира позитивното и негативното однесување на ученикот, тој треба постојано да го следи.Понатака, за успешно справување со агресивните ученици наставникот треба да остварува и секојдневна соработка со училишната стручна служба и останатите колеги. Исто така од голема важност е наставникот да поседува и одредени вештини кои ќе ги примени согласно карактерот на учениците. Некои од тие вештини се: ефикасно поучување, комуникација со учениците, прагматично и насочено водење на паралелката, вештини насочени кон решавање на проблеми.

## Улогата на стручната служба

Педагошко - психолошката служба е вклучена во процесот на пишување на протоколите за заштита од насилството. Исто така воспоставува соработка со родителите и поттикнување на нивна поголем авклученост во активностите во училиштето. Службата редовно врши советување и примена на ненасилни методи за решавање на ситуациите на насилство. Воедно работи со сите ученици во насилната ситуација ( жртвата, насилникот и сведоците на настанот) . Соработува со други институции и организации за случаи на насилно однесување и нивно вклучување во мерките за превенција и едукација за насилство. Притоа службата води евиденција за секој случај на насилството .

## Улогата на родителите

Соработката помеѓу родителите, училиштето и заедницата се неопходни за да се задоволат потребите за учење и подобро фунционирење на учениците. Ако училиштето ги вклучува родитетлите или старателите ќе се негува чувството на заедничка одговорност. Отворената комуникација и подршка од родителите помагаат да се создаде позитивна клима кај учениците  во решавање на нивните проблеми. Позитивните стратегии како што се создавањето на ресурсните центри за родителите или праќање писма со добра вест дома, ја развива довербата помеѓу родителите и училиштето.

Важно е родителите и наставниците да соработуваат заедно во намалување на насилството во училиштете и тоа сите родители , а не само оние чие дете трпи настилство и е злоставено. Кога родителите и наставниците заедно ќе делуваат со цел да се подучат и да се научат децата да се почитуваат едни со други, сите да се чувствуваат вредни, важни и моќни тогаш можеме да кажеме дека сме ја постигнале целта

## Здраво и безбедно опкружување

Намалувањето и искоренувањето на насилството од училиштата е долг процес кој бара голема посветеност од страна на наставниците, психолозите и родителите. Многу е важно пред се ,да се подигне свеста за сериозноста и фрекфенцијата на оваа појава помеѓу младите, и да се прифати  фактот дека насилството е присутно во училиштата, и тоа во различни форми. Понатамошен чекор би бил зајакнување на капацитетите на наставиот кадар и службите во училиштата во препознавање на  формите на насилство, особено кога се работи за емоционално/психичко, родово и електронско насилство, како посуптилни форми на насилство и развивање на креативни методи и техники за решавање на конфликти и превенција од насилство. Понекогаш, знаците за насилство не се толку очигледни, но  наставниците кои голем дел од времето го поминуваат со учениците, може да забележат дали некој од учениците се повлекува во себе, не сака да се дружи и да комуницира со другите ученици, или воопшто  не се чувствува безбедно во училишната средина. Доколку наставникот потврди дека се случува насилство во училиштео, не треба веднаш да прибегне кон казнување на насилникот, потребно е првично да иницира  разговор со двете страни вклучени во насилството, да ја вклучи психолошко-педагошката служба, родителите/старателите на учесниците со цел  да се откријат вистинските причини кои довеле до насилно однесување, и во иднина де се спречат вакви појави.

## Работилници и програми за градење на капацитетит и вештините на учениците

Работилници и имплементирање на едукативни програми  на теми инклузија, толеранција и почитување потребно е да бидат организирани од страна на образовниот систем и училиштата се со цел да  придонесат во создавање на пријатна клима без насилно однесување.Да се обработуваат теми од секојдневните пракси кои  кај учениците ќе градат култура на разбирање за потребите и разликите на другиот, ќе влијаат на свеста за почитување на  секој поединец и неговите разлики и вредности. Да се изнајдат соодветни механизми од стручните лица и надлежни институции  за интегрирање на ваквите содржини кои ќе овозможат  превенција од насилство во содржините предвидени со формалниот образовен план и програм.

## Подготовка на учениците за ситуации и случувања надвор од училиштата

Долгогодишнит искуства  покажуваат дека насилното однесување кај децата често се појавува и надвор од  училиштето , како  на улица, во паркови или други јавни места каде што учениците го поминуваат своето слободно време. Развивањето на култура на ненасилно однесување и пријателски меѓучовечки односи се темелат на толеранција, разбирање и почитување.Ваквата култура и вештини може да се создадат и развијат   преку работилници во училиштата, се со цел учениците да се подготват за справување со непријатни и различни ситуации надвор од училиштата.

# ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ И ПРЕПОРАКИ

- Правилата на однесување на учениците , наставниците и родителите во училиштето треба да бидат јасно напишани и да бидат истакнати на огласна табла во училиштето, соглано со правилникот на училиштето.
- Во училиштата потребно е да се работи на создавање на позитивна клима во која ќе се нагласи дека нема да се има толеранција на било која форма на насилство.
- На учениците потребно е да им се овозможи да учествуваат во денесување на правилата во училиштето, бидејќи и на тој начин тие ќе партиципираат и подобро ќе ги разберат и почитуваат истите.
- Важно е да се воспостави отворен и коректен однос помеѓу учениците , наставниците и родителите бидејќи тоа помага во намалување на насилството во училиштата. Добрите и квалитетните врски допринесуваат за намалување на насилство.
- Потребно е стручната служба да работи на развој на емоционалната интелегенција кај учениците, т.е на разбирање на чувствата на другите ученици и на тој начин да ја развива емпатијата што ќе придонесе во намалување на насилството во училиштето.
- Насилникот не треба веднаш да се казнува и осудува со најстроги казни и мерки. Потребно е со него да се работи, да му се пружи помош и поддршка со цел да се надмине проблемот што довел до насилно однесување и да се промени таквиот начин на однесување.
- Потребно е училиштата почесто да спроведуваат истражувања за проценка на училишната клима, бидејќи таквите информации и податоците ќе им помогнат навремено да бидат информирани за случувањата помеѓу учениците, што од друга страна значи и навремено превземање на соодветни мерки за превенција на насилство.
- Важно е да се разговара со родителите и тие да се активно вклучени во решавањето на насилството помеѓу учениците. Исто така да учествуваат и во спречувањето на насилното однесување и идентификување на причините кои доведуваат и поттикнуваат насилството.
- Потребно е континуирано да се работи на развојот на социјалните и комуникациските вештини кај учениците.
- Потребно е континуирано да се вложува во личниот и професионалниот развој на наставниот кадар и стручните служби во училиштата, со цел истите да стекнат и развијат поголеми вештини и компетенции кои би придонеле во креирањето на подобра училишна клима.



https://www.google.com/search?q=electronic+violence&source=lnms&tbm=isch&sa=X&ved=2ahUKEwiwsdGp0bvzAhUVvYsKHeBCDYgQ_AUoAXoECAEQA-w&biw=1536&bih=754&dpr=1.25#imgrc=UEndkxo4S0XdpM

1. Застапувајте холистички приод со учениците, училишниот кадар, родителите и заедницата.
2. Направете ги учениците ваши партнери во спречувањето на насилството.
3. Користете конструктивни дисциплински мерки и методи.
4. Бидете активна и ефективна сила за запирање на насилството.
5. Градете издржливост кај учениците и помогнете им конструктивно да одговорат на предизвиците во животот.
6. Бидете позитивен пример со тоа што гласно ќе се спротиставите на сексуалното и родовото насилство.
7. Залагајте се за безбедносни механизми во училиштето.
8. Обезбедете безбедни места и места каде што учениците ќе бидат добродојдени.
9. Научете вештини за спречување на насилството и решавање на конфликти и поучете ги учениците.
10. Согледајте го насилството и дискриминацијата на учениците со инвалидитет и против оние што припаѓаат на социјалните, малцинските и другите маргинализирани заедници.

2021 Analytica thinking laboratory
www.analyticamk.org/